**Известување за концентрација со која ПроФарма Груп Холандија Б.В, Холандија, ќе стекне единствена контрола над Клинрес Фармација д.о.о., Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Бугарија, Грузија и Романија (предмет бр. 08-136/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 15.09.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со **која ПроФарма Груп Холандија Б.В.,** со седиште на Шипхолвег 73, 23163Л Линден Холандија има намера да стекне контрола над **Клинрес Фармација д.о.о**. со седиште на Сребрњак 61, Загреб, Хрватска,. **ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КЛИНРЕС ФАРМАЦИЈА ДОО БЕЛГРАД** со седиште на Белградски батаљон 4, 11030 Белгард Србија,. **Клинрес Фармација д.о.о**. со седиште на Алипашина 29, Сараево, Босна и Херцеговина,. **Клинрес фармација СХ.П.К.** со седиште на Улица “Џанфизе Кеко” бр. 56, административна единица 12, X 2, З. 505, Тирана, Албанија,. **Клинрес Фармација Бугарија ООД** со седиште во Софија 1712, ул. Филип Аврамов бр. 17, фл. 2, канцеларија 307,. **Клинрес Фармација** со седиште во Грузија, Тбилиси, округ Сабуртало, ул. Шартава, бр. 40, кат 10,. **Клинрес Фармација С.Р.Л**. со седиште на Бул. Димитрие Кантемир бр. 4, зграда 3Ц, влез А, кат 5, стан 23, сектор 4, Букурешт, Романија
Сите заедно како „ Директни Целни Друштва“
Како и индиректна контрола над
**Клинрес Фармација Д.О.О** Загред Претставништво во Република Македонија Скопје со седиште на Арсо Мицков бр. 12, Скопје, Република Северна Македонија и Дел од странско друштво "Клинрес Фармација" Д.О.О – Претставништво Подгорица, со седиште на Бул. Свети Петар Цетински 114/І Подгорица, Црна Гора .

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

ПроФарма Групата е глобален, независен давател на регулаторни, клинички и услуги за усогласеност со еден извор, кои опслужуваат компании за фармацевтски, биотехнолошки и медицински уреди. Основана во 2001 година, ПроФарма Групата има повеќе од 2.000 колеги ширум светот кои обезбедуваат решенија за сложени предизвици во динамична регулаторна средина. Со мисијата да го подобри здравјето и безбедноста на пациентите, ПроФарма е фокусирана на обезбедување услуги со највисок квалитет во текот на целиот животен циклус на производот, вклучувајќи регулаторни науки, решенија за клинички истражувања, консултации за наука за животот, фармаковигиланца и медицински информациски услуги.

Дополнително, ПроФрама Групата не е активна во Македонија и не остварува никаков промет во Македонија.

Целните Друштва обезбедуваат услуги за време на клиничкиот развој на нови лекови, медицински помагала и покриваат различни аспекти на процесот на регистрација на медицински производи, медицински помагала, додатоци во исхраната, козметика, биоциди и општи стоки. Целните Друштва нуди дополнителни пост-маркетиншки и/или клиничка фармаковигиланца (PV) услуги преку воспоставување систем за фармаковигиланца, како и услуги за претпазливост за медицински помагала и други немедицински производи.

Директните Целни Друштва моментално имаат 1 поврзано лице во Република Северна Македонија: КЛИНРЕС ФАРМАЦИЈА д.о.о. Загреб – Претставништво во Република Македонија Скопје со ЕМБС 6401821 со седиште на Арсо Мицков бр. 29 Скопје, со приоритетна дејност 73.20 – истражување на пазарот и испитување на јавното мислење.

Клинрес Македонија е основана од Хрватското Целно Друштво.
Целните Друштва не остваруваат никаков промет во Македонија.

Намеруваната Трансакција се однесува на пазарот на подготовка и спроведување на клинички испитувања, регулаторни работи и фармаковигиланца.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.09.2023 година
Скопје